**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

08. мај 2020 година

# СООПШТЕНИЕ

## За ПЗУ од специјалистичко консултативна здравствена заштита

На здравствените установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита, за време на важење на времените мерки заради спречување од ширење на Коронавирусот од страна на Фондот и Министерството за здравство им беше препорачано   да пружаат здравствени услуги на осигурените лица само во итни случаи.
Согласно препораките, во овој период, здравствените установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита, со исклучок на дејноста дијализа, не можеа да ги пружат здравствени услуги на осигурените лица во рамките на утврдениот месечен надоместок што значи дека нема да можат и да ги фактурираат кон Фондот.
Поради тоа Фондот излегува во пресрет на здравствените установи, со тоа што за месеците април, мај и јуни 2020 година ќе изврши аконтативна исплата на утврдениот месечен надоместок, независно од бројот на извршени  здравствени услуги кои  во овој период се пружени на осигирените лица.
За таа цел, Фондот прави измена во начинот на фактурирање на здравствените услуги за овие месеци април, мај и јуни 2020 година, за што дополнително ќе биде доставено упатство за начинот на кој ќе се  фактурира за наведените месеци.
Рокот за фактурирање за месец април се продолжува до 25.05.2020 година.

Со почит,
ФЗОРСМ

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup

Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk